Употреба на едукација со симулација во примарна здравствена заштита
ТРАНССИМЕД (TRANSSIMED)

Координатор на Проектот: Залика Клеменц Кетиш (Словенија)

Национален раководител на проект: Професор д-р Катарина Ставриќ

Здравствени дом Љубљана како „апликант организација“ а партнери се Медицинскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Центар за семејна медицина, Медицински факултет, Универзитет во Загреб Хрватска, Здравствен Дом Загреб-Центар Хрватска.

Времетраење: 1 септември 2022 година до 31 август 2025 година

Менаџерирање на ургентни состојби е составен дел на примарната здравствена заштита (ПЗЗ), при што брз и соодветниот одговор е важен за овозможување на преживување на пациентот. Здравствени работници (доктори и медицински сестри) во ПЗЗ треба да бидат подготвени за лекување ургентни состојби во безбедна и контролирана средина со примена на методи на симулација, каде што ќе можат да стекнуваат не само знаења и вештини, туку и да научат како да се справат со своите чувства и да работат во тим. Така тие во секојдневната раббота ќе се чувствуваат сигурни, способни да ги решаваат уртгентните состојби беспрекорно, без грешки и ќе чувствуваат дека и другите им веруваат.
Целта на проектот ТРАНССИМЕД е да се воспостави одржлив систем на стручна едукација на симулација во примарна заштита заснована со што ќе се подобри безбедноста во третманот на пациентите во трите земји партнери на проектот: Словенија, Хрватска и Северна Македонија.

Проект има за цел да ги опреми Центрите за симулација и да ги обучи едукаторите од примарна здравствена заштита на основно и напредно ниво преку обезбедување опрема и кадар за примена на симулација како метод за обука, за итни ситуации кои се случуваат во примарна здравствена заштита. Наведената цел ќе се постигне преку развивање и имплементација на модел на компетентност заснован на метод на симулација со обука на едукатори на две нивоа компетентност, основно и напредно ниво. Секоја земја ќе развие културолошки прилагодување на едукативните програми за едукација на едукатори со симулација.

Важно е за цело време од проектот да се подигне свесноста кај здравствените работници но и кај креаторите на здравствени политики за важноста на едукација со симулација во примарна здравствена заштита.

Резултатите од проектните активности ќе обезбедат континуирана обука на здравствените работници во Словенија, Хрватска и Северна Македонија преку примена на симулација во примарна заштита, со што ќе се намали бројот на ризици кои можат да влијаат на преживувањето на пациентите, следствено ќе ја зголеми безбедноста на пациентите со

цел да се доближат овие земји до примарната здравствена заштита на европското ниво на преживување во итни ситуации.

Поширок придонес од учество во овој проект се: воведување на нови едукативни методи, континуирана обука за наставници и едукатори и воспоставување на меѓурегионална соработка. Воедно и преку нашата межународна мрежа на партнерите ќе се дистрибуриаат резултатите од овој проект со цел да се прошири едукација преку симулација во примарна заштита и во другите земји каде не е воведена.

(Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.)